На четвртата форумска сесија од меѓу-општинскиот форум за Македонска Каменица и Делчево која се одржа на 3 јули 2013 година, во Спомен домот АСНОМ во Делчево граѓани од двете општини ја дадоа својата поддршка на четири проекти.



Проектите ги подготви работната група која работеше помеѓу двете форумски сесии. Сите ја третираат одбраната тема „Собирање смет“, односно одделни сегменти од неа и тоа: „Со селекција и рециклирање на отпадот до почиста околина“; „Специјални возила за собирање смет“; „Расчистување на дивите депонии“; „Уредување на градските депонии“.

